**Врз основа на членот 16 а во согласнсот со член 18 од Законот за Здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ бр.52/ Македонската Психотерапевтска Асоцијација на ден 19.04.2011 година го донесе следниов**

# С Т А Т У Т

## на
## МАКЕДОНСКАТА ПСИХОТЕРАПЕВТСКА АСОЦИЈАЦИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**.
**Македонска Психотерапевтска Асоцијација** (во понатамошниот текст: МПА) основано е како независно, невладино, непрофитно и непартиско Здружение на граѓани кое опфаќа здруженија, правни лица и поединци - психотерапевти од различни ориентации (Гешталт терапија, Трансакциона анализа, Психодрама, Семејна и Системска психотерапија , Психоанализа, Телесна-терапија, Арт-терапија, Бихејвиор-Когнитивна терапија, Егзистенцијалистичка терапија, Аналитичка психологија, Коструктивистичка терапија, Интегративно системско-релациска терапија, Психосексуална терапија, Музико терапија, ЕМДР, Позитивистичка и др.) заради остварување на заеднички интереси на полето на развојот и унапредувањето на теоријата, праксата, едукацијата и истражувањато во психотерапијата, како и заради обединување во заедничка организација на терапевти од различни тераписки ориентации. Подрачје на делување на Асоцијацијата е Република Македонија.
Асоцијацијата соработува со сродни стручни организации во земјата и во странство, во согласност со законот. Асоцијацијата може да се зачленува во сродни организации во земјата и во странство.

**Член 2.**
Името на Асоцијацијата е: **Македонска Психотерапевтска Асоцијација.**
Асоцијацијата може да употребува и скратен назив: МПА . Седиштето на Асоцијацијата е во Скопје на ул. 16та МАКЕДОНСКА БРИГАДА бр.8 2/15.

**Член 3.**
Асоцијацијата е правно лице.
Асоцијацијата има свој печат и штембил.
Печатот на Асоцијацијата е тркалезен и го содржи името на Асоцијацијата:
**МАКЕДОНСКА ПСИХОТЕРАПЕВСКА АСОЦИЈАЦИЈА - МПА**
Штембилот на Асоцијацијата е правоаголен и на него е испишан следниот текст:
**МАКЕДОНСКА ПСИХОТЕРАПЕВСКА АСОЦИЈАЦИЈА - МПА**
Бр. ________________

__________ / _______ година
**С К О П Ј Е**

Асоцијацијата користи меморандум. За изгледот и содржината на меморандумот на Асоцијацијата одлучува Управниот Одбор.

**Член 4.**
Асоцијацијата јa претставува и застапува Претседателот на Асоцијацијата. Во случај на отсуство на претседателот на Асоцијацијата, го заменува подпрестедателот на Асоцијацијата.

## II. Цели и задачи на Асоцијацијата
### 1.Цели на Асоцијацијата

**Член 5.**
Асоцијација се основа заради следните цели:

1. Признавање на звањето психотерапевт како независна професија
   - Прифаќање на стразбуршката декларација со пристапувањето во Асоцијацијата
   - Организирање трибини и други јавни настапи со цел зголемување на информираноста и свесноста на сите заинтересирани, пошироката јавност и надлежните институции за професијата психотерапевт.

2. Утврдување на едукациски стандарди и нормативи
   - Воспоставување на критериуми во согласност со ЕАП кои треба да се исполнат за да се стекне одредено звање.
   - Воспоставување на критериуми во согласност со надлежната Европска кровна асоцијацијаатаото - EWAO, кои треба да се исполнат за да се стекне одредено звање.

3. Утврдување на етички стандарди на психотерапевтската работа
4. Развивање на стручна пракса и поттикнување на научно-истражувачка работа во областа на психотерапијата.
5. Помагање на издавање на стручни и научни трудови од областа на делување на Здружението
6. Соработка и здружување со сродни стручни организации во земјата и странство
7. Следење на стручната работа на членовите
8. Следење и почитување на Етичкиот кодекс на професијата
9. Донесување закон за психотерапија
10. Основање на Комора за психотерапија
11. Соработка и воспоставување на взаемна одговорност на Асоцијацијата за психотерапија и Комората за психотерапија со цел давање на препораки за издавање на лиценци за психотерапевти и школи
12. Други цели кои произлегуваат од целите утврдени во претходните потточки.

## 2. Задачи на Асоцијацијата

**Член 6.**

Поаѓајки од интересите, потребите и правата на своите членови, Асоцијацијата своите цели ги остварува преку реализација на следниве задачи:

- Организирање на стручни конгреси, семинари, советувања, работилници и студиски патувања во областите на делување на Асоцијацијата
- Издавање на стручни часописи, книги и други публикации во склад со законот
- Соработка со програмски сродни организации во земјата и во странство
- Други активности со кои се остваруваат целите утврдени со овој статут

За програмски активности со кои се остваруваат утврдените цели и задачи, Асоцијацијата обезбедува материјални средства, стручна и друга помош.

## II. Членство

**Член 7.**
Членови во Асоцијацијата можат да бидат полнолентни државјани на Република Македонија и странци.

**Член 8**
Членувањето во Асоцијацијата се остварува:

- преку организации
- индивидуално

**Член 9.**
Членството во Асоцијацијата е доброволно. Членови можат да бидат сите оние кои ги исполнуваат условите за членство и го прифаќаат Статутот на Асоцијацијата.

## Индивидуално членство

**Член 10.**
Индивидуално ченство во Асоцијацијата можат да остварат членови кои:

- завршиле тренинг во соодветен правец во психотерапијата
- во тренинг се на соодветен правец во психотерапијата

**Член 11.**
Индивидуалното членство во Асоцијацијата може да биде полноправно, придружно и почесно

**Член 12.**
**Полноправни членови** на Асоцијацијата се оние членови кои ги исполниле и прифатиле постоечките критериуми за членство, придонеле и ќе придонесуваат за развојот на Асоцијацијата, а доаѓаат од хуманистички ориентирани професии, помагачки т.е. професиите кои даваат формални рамки на психотераписката професија или тесно се допираат до неа.

Имињата на полноправните членови се запишани во листата на членови на Асоцијацијата и тие имаат право на глас на состаноците на Асоцијацијата.

**Член 13.**
**Придружни членови** се оние членови кои ги прифатиле постоечките критериуми за членство, придонеле и ќе придонесуваат за развојот на Асоцијацијата, а кои не доаѓаат од хуманистички ориентирани професии, помагачките, т.е. професиите кои даваат формалин рамки на психотераписката професија или тесно се допираат до неа.

Нивните имиња се запишани во листата на членови на Асоцијацијата.
Тие немаат право на глас на состаноците на Асоцијацијата, но можат да даваат свои предлози и идеи и да придонесуваат за развој на Асоцијацијата согласно индивидуалните афинитети и капацитетите.

**Член 14.**
**Почесен член** на Асоцијацијата може да биде избрано лице заслужно за работата на Асоцијацијата.
Почесното членство во Асоцијацијата го стекнуваат физички лица на предлог на органите и функционерите на Асоцијацијата. Почесниот член на Асоцијацијата има право да присуствува на седниците на органите на Асоцијацијата, да предлага програмски активности на Асоцијацијата и да учествува во сите активности на истата, но без право на глас. Почесното членство во Асоцијацијата престанува во случај и на начин на кој престанува членството на останатите членови во Асоцијацијата.

**Член 15.**
Постапката за стекнување на статус на индивидуален член на Асоцијацијата се покренува со поднесување на пристапница чиј изглед и содржина ги одредува Управниот Одбор, а се состои од формулар пристапница и изјава за прифаќање на Стразбуршката декларација. Процедурата за членство во Асоцијацијата започнува од денот на издавање на потврда за приемот на пристапницата, а одлуката за прием кандидатите ја добиваат во писмена форма, потпиешана од страна на Претседателот на Здружението, најкасно 15 дена од приемот на пристапницата.

**Организациско членство**

**Член 16.**
Организациското членство во Асоцијацијата се остварува преку:
- Здруженија и асоцијации
- Институти за психотерапија

Организациите кои пристапуваат во Асоцијацијата можат да остварат полноправно и придружно членство.

Полноправното членство во Асоцијацијата може да се оствари во Секторот за едукација или Сектор за Здруженија, на писмено барање на Здруженијата и Институтите, а по претходно исполнети критериуми.

**Член 17.**
**Придружни членови** се Институти и Здруженија кои не ги исполнуваат условите за полноправнмо членство или, во пристапницата за членување во Асоцијацијата, своеволно писмено се изјасниле за придружно членство.

**Член 18.**
**Полноправни членови** се Институти и Здруженија кои ги исполнуваат следните критериуми :
- регистрирани се најмалку 2 (две)години пред пристапување во Асоцијацијата
- имаат видлива структура, статут или еквивалент во склад со Статутот на Асоцијацијата

Член 19.
Полноправни членки во Секторот за едукација на Асоцијацијата, се Институти и Организации кои ги исполнуваат следните критериуми:

- согласно својот Статут остваруваат едукација од областа на психотерапијата
- организираат едукација и тренинг според европските стандарди и во согласност со некоја од европски препознаените психотераписки школи и правци
- асоцијативни или полноправни членки се на европските асоцијации од соодветниот психотерапевтски правец за кој организираат едукација и тренинг
- Водителите и тренерите на едукативната програма во организацијата поминале соодветен тренинг , еквивалентен на оној кој го спроведуваат
- Специјализираниот тренинг (едукативната програма) по соодвтениот психотерапевтски правец треба да ги исполни следните критериуми:
  - Да содржи 1500 едукативни часа во период од 4 години, посветени на: часови за личен раст и развој; часови од базични психолошки и психопатолошки основи, часови психотерапевтска теорија, часови пракса, супервизиски часови,часови од друг терапевтски модалитет
  - Да е меѓународно препознаен и подржан од публикации;

**Член 20.**
Организациското членство во Асоцијацијата е доброволно. Членови можат да бидат сите оние кои ги исполнуваат условите за организациско членство и го прифаќаат Статутот на Асоцијацијата.

**Член 21.**
Постапката за стекнување на статус на организациски член на Асоцијацијата се покренува со поднесување на:

- пристапница чиј изглед и содржина ги одредува Управниот Одбор, а се состои од формулар пристапница и изјава за прифаќање на Стразбуршката декларација.
- Статутот на организацијата

Доколку е доставено барање за членство во Секторот едукација, Институтите и Здруженијата кандидати за членство покрај наведените, треба да ги достават И следните документи:

- Програма за психотерапевтска едукација
- Куса биографија на водителите и другите тренери на обуката

Член 22.
Процедурата за стекнување организациско членство во Асоцијацијата започнува од денот на издавање на потврда за прием на наведените документи од страна на Претседателот на Здружението.
Организациите кандидати за организациско членство добиваат писмено известување за приемот во полноправно и/или придружно членство, потпишано од Претседателот на Асоцијацијата, најкасно 15 дена од приемот на пристапницата.

**Член 23.**

Членовите на Асоцијацијата имаат права и обврски во склад со Статутот и одлуките на надлежните органи на Асоцијацијата. Членството во Асоцијацијата не значи и стекнување на право врз имотот на Асоцијацијата.

**Член 24.**
Правата, обврските и одговорностите на членот на Асоцијацијата се:

- Да биде информиран за работата на Асоцијацијата
- Да ги почитува одредбите на овој Статут, Етичкиот кодекс на професијата психотерапевт, и другите акти на Асоцијацијата
- Да биде лојален на целите на Асоцијацијата
- Да ја штити репутацијата и интересите на Асоцијацијата
- Да бира и да биде биран/а во органите на Асоцијацијата
- Да биде запознаен/а со стандардите на професијата
- Да има пристап до информациите во Македонија и надвор од Македонија, Европа и светот за случувањата во областа на психотерапијата (едукации, сертифицирање, лиценци. . . )
- Да добие можност за континуирана едукација во склад со стандардите на Европската асоцијација за психотерапија и Европските кровни организации - EWAO на кое припаѓа
- Да биде подржан од страна на Асоциајцијата во работата како психотерапевт
- Да добие правна помош и поддршка од страна на асоцијацијата во случај на спор со третти лица
- Уредно и навреме да ја плаќа членарината
- Да не шири национална, расна и верска омраза и други видови на дискриминација и нетрпеливост меѓу луѓето.
- Членството во Асоцијацијата престанува со писмена изјава за доброволно отстапување, и/или исклучување, во случај на нарушување на одредбите на овој Статут и другите документи на Асоцијацијата, како и со смрт на членот.

**Член 25.**
Членовите на Асоцијацијата плаќаат годишна членарина во висина која ќе ја утврди Собранието.

**Член 26.**
Членовите на Асоцијацијата се заведуваат во матична евиденција и добиваат членски карти.

**Член 27.**
Статутот и другите општи акти кои се однесуваат на остварување на правата на членовите на Асоцијацијата достапни се за увид на нивно барање.

## IV. ОРГАНИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

**Член 28.**
Органи на Асоцијацијата се:

- Собрание
- Управен одбор
- Претседател
- Подпретседател
- Надзорен Одбор
- Етички комитет на Здружението
- Суд на честа на Здружението
- Секретар на Здружението
- Сектори на Здружението

**Собрание на Асоцијацијата**

**Член 29.**
Собранието го сочинуваат делегати на Асоцијацијата (физички лица), избрани од страна на правните лица кои се основачи на Асоцијацијата, како и делегати - претставници на физичките лица како основачи.

**Член 30.**
***Задачи* на Собранието:**

- Да го донесува и менува Статутот и општите акти на Асоцијацијата
- Да ги бира и разрешува органите на Асоцијацијата и по потреба формира работни тела
- Да избира Национален делегат кој ја претставува Асоцијацијата во меѓународните асоцијации
- Да донесува програма за работа и финансиски план
- Да донесува одлуки за стекнување и престанок на членство во Асоцијацијата
- Да донесува одлуки за зачленување на Асоцијацијата во други организации
- Да ги усвојува извештаите на Управниот Одбор и Претседателот во врска со работата и активностите на Асоцијацијата
- Да усвојува извештаи за финансиското работење на Асоцијацијата
- Да ја усвојува годишната пресметка
- Да донесува други одлуки чие донесување не е во надлежност на другите органи на Асоцијацијата
- Да донесува одлука за престанок на работата на Здружението
- Да донесува одлука за висината на членарината

**Член 31.**
Собранието работи на седници кои се одржуваат најмалку еднаш годишно.

Седница на Собранието се свикува на предлог на 1/5 од членовите на Собраните или на предлог на Управниот Одбор
Ако Претседателот на Собранието не ја свика Собранискатa седница за 14 дена од писменото барање на членовите на Собранието, седницата ќе биде свикана од страна на Управниот Одбор и од иницијаторите.

**Член 32.**
Собранието полноважно работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половина од членовите на Асоцијацијата.

Одлуките на Собранието се донесуваат со просто мнозинство гласови од присутните делегате.
Собранието одлучува со 2/3 мнозинство од вкупниот број присутни делегати за:

- престанок на постоење на Асоцијацијата
- за здружување во меѓународни асоцијации

Гласањето на одлуките на Собранието се одвија јавно, доколку истото не одлучи гласањето да се одвива тајно. Во случај на тајно гласање Собранието избира Комисија за спроведување на гласањето од 3 члена.

**Член 33.**

Со Собранието претседава Работно претседателство од 3 члена.

Работното претседателство се избира со просто мнозинство гласови од присусните делегати на Собранието.

Работното претседателство од своите редови избира Претседател кој раководи со Собранието.

На предлог на Управниот Одбор, со просто мнозинство на гласови, делегатите усвојуваат Дневен ред и Деловник за работа на Собранието.

**Раководење со Асоцијацијата**

**Управен одбор**

**Член 34.**

Со Асоцијацијата раководи Управен одбор (УО), а во односи со трети лица Асоцијацијата ја представува и застапува Претседателот на Асоцијацијата, а во негово отсуство неговиот заменик, Подпретседателот на Асоцијацијата.

**Член 35.**

Управниот одбор на Асоцијацијата е извршен орган на Асоцијацијата, во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Асоцијација, согласно Статутот.

**Член 36.**

Управниот одбор е составен од **11 (единаесет) ч**лена, кои се избираат на седници на Собранието, по пат на јавно гласање. Од редовите на основачите на Асоцијацијата при секој избор на членови на УО задолжително се бира по еден делегат за член во УО.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 (четири)години со можност за повторен избор.

**Член 37.**

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Асоцијација.

Управниот одбор одлучува за прашањата од својата надлежност со јавно гласање.

**Член 38.**

Управниот одбор работи на седници.

Седницата на Управниот одбор се свикува најмалку еднаш месечно, а по потреба се свикуваат и вонредни седници.

Седницата на Управниот одбор ја свикува Претседателот. Седница може да се свика и на предлог на член од Управниот одбор или 1/3 (една третина) од членовите на Собранието на Асоцијацијата, при што Претседателот е должен

писмено да ги извести сите останати членови на Управниот одбор за свиканата седница.

Со седницата на Управниот одбор раководи Претседателот.

Управниот Одбор одлучува полноправно ако се на седницата присутни повеќе од половина од членовите, а одлуките се донесуваат со просто мнозинство гласови од присутните.

**Член 39.**

Управниот Одбор ги врши следните работи:

- Подготвува седници на Собранието;
- На Собранието му предлага измени и дополнувања на Статутот;
- Спроведува утврдена политика за развој на Асоцијација;
- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- Контролира спроведувањето на законитоста на одлуките на Собранието;
- Предлага мерки за спречување и отстранување на неправилности на работењето;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Управува со имотот на Асоцијација;
- Контролира наменското располагање со средствата и приходите;
- Донесува одлуки за набавки и отуѓување на средствата;
- Разгледува барања и документи и според нив одлучува за членство на здруженијата, институти и асоцијации по претходна препорака од Стручниот комитет и Секторската препорака
  Предлага основање на сектори на Асоцијација;
- Именува координатори на Сектори
- Донесува одлуки за формирање на постојани и привремени комисии во функција на остварување на целите и задачите на Асоцијацијата,
- По потреба формира и други работни тела и ги именува нивните членови;
- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- Одлучува за надомест на трошоци на Националниот делегат при претставувањето на Асоцијацијата во меѓународните асоцијации;
- Управниот Одбор, од редот на своите членови, избира заменик на Националниот делегат во случај на негово отсуство;
- Одлучува за надомест на трошоци на секретарот на Асоцијацијата;
- Врши други работи согласно Статутот, оштите акти и законот.
- Донесува регулаторни механизми со цел поуспешување на своето функционирање

**Претседател и Подпретседател на Асоцијацијата**

**Член 40.**

Претседателот ја претставува и застапува Асоцијацијата.

Подпретседателот го заменува Претседателот на Асоцијацијата во случај на спреченост или отсуство и ги има сите негови овластувања, а може да врши и други работи кои ќе му ги довери Претстедателот.

Претседателот и Подпретстедателот на Асоцијацијата за својата работа одговараат пред Управниот Одбор и Собранието на Асоцијацијата.

Мандатот на Претседателот и Подпретседателот е 5 (пет)години со можност за реизбор.
Претседателот и потпретседателот се должни за сите свои одлуки взаемно писмено да се известуваат, како и да ги известуваат членовите на Управниот одбор.

**Член 41.**
Претседателот на Асоцијацијата има за задача:

- Да ја претставува и застапува Асоцијацијата во правниот промет и во стручните активности и манифестации
- Да ја организира работата и активноста на органите на Асоцијацијата
- Да ги подготвува, свикува и да раководи со со седниците на Управниот Одбор
- Да се грижи за одржувањето на редот и дисциплината на седниците
- Да се грижи за спроведување на одлуките на УО
- Да ги потпишува и да се залага за спроведување на одлуките на Асоцијацијата.

## Надзорен одбор

**Член 42.**
Надзорниот Одбор е составен од 3 (три) члена кои ги избира Собранието со мандат од 4 (четири) години со право на реизбор.
Надзорниот одбор донесува одлуки со просто мнозинство гласови од неговите членови.
Членовите на Надзорниот Одбор за својата работа одговараат пред Собранието.

**Член 43.**
Надзорниот Одбор ја надгледува и контролира:
- Примената на одредбите на Статутот и другите акти и прописи на Асоцијацијата;
- Материјалното и финансиското работење и користење на имотот на Асоцијацијата;
- Целокупната работа на Асоцијацијата;
- Надзорниот Одбор има право на увид во документацијата и сите податоци за работа на Асоцијацијата;
- Членовите на Надзорниот Одбор имаат право да учествуваат на седниците на Управниот Одбор но без право на одлучување;
- Надзорниот одбор може да побара свикување на седница на Управниот Одбор и на Собранието на Асоцијацијата ако утврди неправилности во финансиското или друго работење на Асоцијацијата, несовесност во извршување на работата или повреда на Статутот и другите акти на Асоцијацијата.

## Етички Комитет

**Член 44.**
Етичкиот Комитет е составен од 3 (три) члена кои ги избира Собранието со мандат од 4 (четири) години со право на реизбор.
Етичкиот Комитет донесува одлуки со просто мнозинство гласови од неговите членови.
Членовите на Етичкиот Комитет одговараат за својата работа пред Собранието.

**Член 45.**
Етичкиот комитет ги извршува следните задачи:
- Изготвува Етички кодекс за дејноста психотерапевт;
- Врши измени и дополнувања на етичкиот кодекс;
- Ги разгледува сите проблеми од областа на професионалната етика;
- Разгледува претставки и жалби и одлучува за покренување на постапка за повреда на етичкиот кодекс пред Судот на честа.

**Суд на честа**

**Член 46.**
Судот на честа е составен од 3 (три) члена кои ги избира Собранието со мандат од 4 (четири) години со право на реизбор.
Членовите на Судот на честа донесуваат одлуки со просто мнозинство гласови од неговите членови.
Членовите на Судот на честа одговараат за својата работа пред Собранието.

**Член 47.**
Судот на честа ги извршува следните задачи:
- Одлучува по претставките и жалбите упатени до него од страна на Етичкиот комитет;
- Одлучува за било какви други повреди на етичкиот кодекс.

**Секретар**

**Член 48.**
Секретарот на Асоцијацијата врши стручни и административни работи на здружението и неговите органи.
Секретарот на Асоцијацијато го избира Собранието со мандат од 4 (четири) години со право на реизбор.
Секретарот за својата работа одговара пред Управниот Одбор и Собранието.
Секретарот води записник за седниците на Собранието и Управниот одбор
Врши други работи кои ќе му ги додели Управниот Одбор согласно Статутот и другите акти на Асоцијацијата.

**Стручен Одбор**

**Член 49.**
Стручниот одбор е советодавно стручно тело на Асоцијацијата, кое со својата работа ја усмерува работата на Асоцијацијата кон остварување на нејзините цели и задачи.
Стручниот одбор го сочинуваат 7 (седум) членови на Асоцијацијата, со мандат од 4 (четири) години со право на реизбор.
Членовите на Стручниот Одбор одговараат за својата работа пред Собранието.
Стучниот Одбор го бира УО со 2/3 мнозинство на гласовите, на основа на распишано барање и по предлог на Институтите и Асоцијациите, индивидуалните членови на Асоцијацијата и други сродни организации.

**Член 50.**
Стручниот одбор се состанува по иницијатива на претседателот на Асоцијацијата, или на најмалку четири од своите членови. Со седницата на Стручниот одбор претседава еден од членовите на Одборот кој се бира на почеток на седницата. Стручниот одбор донесува одлуки, мислења и препораки со мнозинство на гласови од присутните членови.

**Член 51.**
Критериуми за избор на членови на Стручниот Одбор :

- Академско или специјалистичко звање
- Завршена едукација од психотераписки правец.
- Најмалку 5 (пет) години психотерапевтска пракса

**Член 52.**
Стручниот Одбор донесува одлуки, мислења и препораки во врска со:

- Рецензирање на стручни и научни трудови - статии, книги, списанија
- Уредувачка политика за списанија и собири
- Доделува признанија и награди
- Дава предлог задоделување на признанија и награди.

## V. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧЛЕНСТВОТО

### Сектори

**Член 53.**
За успешно остварување на свote цели и задачи, членовите на Асоцијацијата се организирани во 3 (три) Сектори:

- Сектор за индивидуално членство ;
- Сектор за едукативни/тренинг институти и здруженија
- Сектор за Здруженија

**Член 54**
Управниот одбор од своите членови именува Координатори на Сектори, со мандат од 4 (четири) години и право на реизбор.
Координаторите на секторите ја организраат работата и раководат со состаноците на Секторите.
Координаторите на секторите формираат работна група за разгледување на нови апликации за членство во соодветниот Сектор.
Работната група на Секторот за едукативни институти и здруженија, при разгледување на апликација на нов член, има обврска да вклучи полноправен член на Асоцијацијата од истоимениот психотерапевтски правец.
Координаторите на Секторите имаат обврска писмено да го известуваат Управниот одбор за својата работа.

## VI. СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ

**Член 55.**
Извори на финансирање на Асоцијацијата се:

- Членарина
- Спонзорство
- Донации и субвенции
- Приходи од сопствени активности во склад со законот

Средствата на Асоцијацијата се користат во склад со годишниот финансиски план, кој го донесува Собранието.
За располагање со финансиските средства на Асоцијацијата одлучува Управниот Одбор.

**Член 56.**
Асоцијацијата може да поседува било каков вид на имот кој е потребен за постигнување на целите на организацијата, во склад со законот.
Во случај на престанок на Асоцијацијата, Собранието одлучува за начинот на користење на преостанатиот имот.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 57.**
Работата на Асоцијацијата е јавна. Финансиските и другиинформации одтековното работење ќе бидат објавувани преку веб страната на Асоцијацијата

**Член 58.**
Известувањето на членовите и јавноста за работата и активностите на Асоцијацијата се врши по пат на средствата за јавно информирање, соопштенија за јавност, по пат на конференции за печат и на други пригодни начини.

## VIII. НАЧИНИ НА ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

**Член 59.**
Изменувањето и дополнувањето на овој Статут се донесува по иста постапка како што се донесува и Статутот.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 60.**
Управниот одбор се задолжува во рок од месец дена да изготви програма за остварување на целите и задачите на Асоцијацијата, која ќе биде усвоена на Собранието.

**Член 61.**

Престанок на работа на Асоцијацијата:
- Асоцијацијата може да престане со работа со одлука на Собранието донесена со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови;
- Ако бројот на членови се намали под минимумот неопходен број за постоење;
- Во други случаи предвидени со Законот.

**Член 62.**
Овој статут стапува на сила на денот на донесувањето, а се применува од датумот на регистрација на Асоцијација во надлжениот регистер.

**во Скопје,19.04. 2011 год.**

**МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА
ПСИХОТЕРАПИЈА - МПА СКОПЈЕ**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л     АЛЕКСАНДАР МАРЦИКИЌ**